УДК 903.85 (497.7:497.5) “653”
355:327 (497.7:497.5) “653”

**проф. д-р АЛЕКСАНДАР АТАНАСОВСКИ**
Филозофски факултет – Институт за историја
Универзитет “Св. Кирил и Методиј” - Скопје

# ВРСКИТЕ ПОМЕЃУ МАКЕДОНИЈА И ХРВАТСКА ВО СРЕДНИОТ ВЕК

Да се зборува за врски помеѓу Македонија и Хрватска во средниот век, значи да се зборува за тема која по многу нешта е специфична и комплицирана. Во нејзиниот домен влегуваат повеќе прашања, како на пример културно-просветни, воено-политички, трговски врски и врски на поединци. за коишто немаме доволно податоци.

Најголем проблем претставуваат врските од периодот на раниот среден век, па и оние од подоцнежно време. Проблемите доаѓаат оттаму што Македонија подолг период од средновековието била под туѓинска власт и тие врски се одвивале во склоп на врските на Византија, Бугарија или Србија со Хрватска. Од друга страна и територијата на денешна Хрватска во средниот век не била секогаш во рамките на една држава. Делови биле во составот на Панонија, Јадранското крајбрежје под византиска власт (по 1102 година потпаднало под унгарска власт), а Дубровник егзистирал подолго време како самостојна држава. Македонија токму со Дубровник имала најплодни трговски врски.

Имајќи го предвид кажаното, може да се заклучи зошто е тешко да се зборува за унифицирани врски помеѓу Македонија и Хрватска. Но, бидејќи деловите што ги посочивме денес се во составот на Хрватска, овде ќе ги презентираме врските на тие делови со Македонија, без да преудицираме на некакви територијални аспирации од средновековниот период.

Во моментов ќе ги опфатиме културно-просветните врски, одразени преку мисионерската работа на св.св. Кирил и Методиј во Моравија и Панонија, потоа воено-политичките контакти во времето на Самуиловата држава и по неа, во XI век, и на крајот, трговските и други врски на Дубровник со Македонија, во XIII и XIV век.

За Моравската мисија на браќата Кирил и Методиј е пишувано многу и таа е обработена од повеќе аспекти. Иако првично се сметала за исклучиво религиозна мисија-покрстување на паганите Моравци, потоа сé повеќе внимание се посветува на нејзиниот дипломатско-политички карактер[1]. Дипломатскиот карактер на Моравската мисија не е никаква

1 Спореди: Поленаковиќ Х., Дипломатскиот значај на мисиите на Кирил и Методиј. Зборник Кирил Солунски, материјали од Симпозиумот 1100 годишнината од смртта на Кирил Солунски, одржан 23-25

новина во науката. За тоа пишувале повеќе истражувачи, меѓу кои овде ги споменуваме: М. Грацијански[2], Франц Гривец[3], Михаил Лацко[4], Франц Дворник[5], Георги Острогорски[6], Васил Ѓузелев[7], Харалампие Поленаковиќ[8] и др. Сите тие се повикуваат на писмото од папата Никола I, упатено до Лудвик Германски[9] во кое, меѓу другото, станува збор и за склучениот германско-бугарски сојуз против Велика Моравија.

Во екот на поларизацијата на силите на Балканот во 861-863 година, дошло до сојуз помеѓу Германија и Бугарија, насочен против Моравската држава, а и против Византија. Меѓу другото, бугарскиот владетел Борис барал покрстување на Бугарите од Запад[10]. Овие настани се одвивале во соседство на Хрватска, која тогаш граничела со проширената бугарска држава и со Германија.

Моравскиот кнез Ростислав, согледувајќи ја опасноста што му се заканува побарал сојузник во лицето на Византија. Токму затоа, во 862 година, негово пратеништво пристигнало во Цариград[11] да ги договори условите за сојузот кои, меѓу другото, предвидувале и ширење на христијанството во Моравија на словенски јазик. Како одговор на тоа во Моравија биле испратени св.св. Кирил и Методиј со бројни ученици, со цел да обучат словенски свештенички кадар за богослужбен, а словенски јазик. Во истото време додека византиската делегација патувала за Моравија, во Тулно на Дунав, кралот Лудвиг Германски во 863 година ја примил делегацијата на Бугарите на чело со самиот хан Борис[12].

На патот за Моравија византиската делегација морала да помине низ хрватските територии, тоа оттаму што, поради непријателското држење на Бугарите кон Велика Моравија, а и кон Византија, не можеле

мај 1969 Скопје-Штип, книга 1, Скопје 1970, 202 и таму наведената литература.

[2] Грацианский Н., Деятельност Константина и Методия в Великоморавском княжестве. - Вопросы истории, Академия наук СССР Институт истории, 1, 1945, 84.

[3] Franc Grivec, Konstantin und Method, Lehrer der Slaven, Wiesbaden, MCMLX, 55.

[4] Michal Lacko, Sv. Cyril a Metod. Rim 1963, 62.

[5] Francis Dvornik, The Significance of the Missions of Cyril and Methodius, Slavic Review, Washington, june 1964, 195.

[6] Острогорски Г., Моравска Мисија. Сабрана дела (Византија и Словени), Београд 1970, 59-78.

[7] Гюзелев В., Бележити българи, I, колективен зборник, 1968, 88-89.

[8] Поленаковиќ Х., Дипломатскиот значај на мисиите на браќата Кирил и Методиј, 203.

[9] Писмото е објавено во: Monumenta Germaniae historica, Epistolarum tomus VI, Berolini, MCMXXV, 290-293; Nicolai papae I Epistolae- ИБИ VII-ЛИБИ II, София 1960, 62. Спореди и Златарски В.Н., История, т.I/2, 15-17.

[10] Поленаковиќ Х., Дипломатскиот значај на мисиите, 203. За германско-бугарскиот сојуз види:: Божилов И.,- Гюзелев В., История на средновековна България VII-XIV век. София 1999, 170; Оболенски Д., Византиски комонвелт, 103 и 199; Иречек К., История на Българите, София 1978, 168; Атанасовски А., Меѓународните политички аспекти и Моравската мисија. Предавања на XLVI школа на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. Охрид, 15-28 јуни 2013. Скопје 2014,125- 139 и таму наведената литература.

[11] Гюзелев В., Княз Борис Първи. България през втората половина IX век, София 1969, 66; Божилов И., - Гюзелев В., История, 171.

[12] Migne, Patrolog. Lat. t . 119, col. 875, XI. Quoniam nuntias, quod fidelis rex dispositum habeat venire Tullinam et deinde pacem cum rege Vulgarorum confirmare et Rastitium aut volendo aut nolendo sibi obedientem facere etc; Х., Дипломатскиот значај на мисиите, 202.

да патуваат по главниот пат “Via militaris” од Цариград - Софија-Белград[13]. Значи, Ростиславовото пратеништво и византиските мисионери морале да патуваат преку Коцелова Панонија, Панонска (Посавска) Хрватска и Далматинска (Приморска) Хрватска, и по морски пат до Цариград и обратно[14]. До византиско-бугарски договор за мир дошло во 864 година кога Борис прифатил да биде покрстен по источен образец и византиски свештеници да го шират христијанството во неговата земја[15]. Но, тогаш византиските мисионери веќе биле во Велика Моравија. Кирил и Методиј во Велика Моравија се судриле со латинските свештеници и т.н. тријазичници. По 40 месеци работа во Велика Моравија, тргнале на пат за Рим за да ги посветат своите книги и ученици. На тој пат ги примил “Коцељ, кнез панонски и мошне го засакал словенското писмо и го изучи и даде до 50 ученици да се научат на него, па им укажа големи почасти и ги испрати понатаму”[16].

Од Панонија, Кирил и Методиј со учениците заминале за Венеција. Најверојатно, се движеле преку Посавска Хрватска, за што нема директни податоци. Во Рим биле посветени словенските книги и словенските ученици со што словенската богослужба била призната за правоверна. Во Рим, Кирил се разболел и починал[17]. Брат му Методиј го презел раководството на Мисијата, но под благослов на папата.

Додека Методиј со учениците сé уште престојувал во Рим, Коцељ му се обратил на “апостолскиот наместник барајќи го Методија , нашиот блажен учител да му го пушти. И апостолскиот наместник рече: Не само тебе, туку и на сите овие апостолски земји им испраќам учител од Бога и од светиот апостол Петар, прв наместник и клучар на царството небесно”. И го испрати откако го напиша ова послание: “Адријан, епископ и раб божји до Ростислава и Светополка и Коцеља”[18].

Според посланието од папата се гледа дека прво Кирил и Методиј биле испратени од “благоверниот цар Михаил (Михаил III, византиски цар). А тие кога разбрале дека власта на апостолскиот стол достигнува до вашата земја, со ништо не го прекршиле канонот, но дојдоа кај нас и ги донесоа моштите на св. Климент”. А ние, продолжува Папата во посланието, “намисливме да го испитаме и да го испратиме Методиј, посветувајќи го него со учениците, како син наш, во вашите краишта, да ве учи како што се молевте, објаснувајќи ви ги книгите на вашиот

[13] Радојичиќ Сп.\ ., О Константину-Кирилу и Методију и о почецима словенске писмености. Зб. Кирил Солунски, 1. 211.
[14] Исто, 211.
[15] Острогорски Г., Историја Византије, 227.
[16] Сведоштва за Кирил и Методиј (словенски и латински). Избор, превод и белешки Радмила Угриновска - Скаловска и Љубинка Басотова. Скопје 1989, 46.
[17] За престојот на Кирил и Методиј во Рим види: Сведоштва за Кирил и Методиј, 49-53; Кръстанов Т., Легенда Булгарика за българската държавност и светост. Изборник. София, 2003, 19-20..
[18] Сведоштва за Кирил и Методиј, 60-62; Кръстанов Т., Легенда Булгарика, 79 .

јазик...”[19]. Тогаш Коцељ “го прими со голема чест ... му го посвети за епископ во Панонија, на столот на свети Андроник”[20].

Методиј бил поставен за панонски и моравски епископ (архиепископ-б.м.), во 870 година Моравија припаѓала кон Панонската епископија. Во 874 година, Германците го собориле кнезот Коцељ и во Панонија завладеал германскиот гроф Арнулф, а Методиј минал во Моравија[21]. Најверојатно, Методиј со учениците од Рим, повторно се вратил во Панонија по истиот пат по кој и отишол - преку Посавска Хрватска. Дејноста на Методиј со учениците во Панонија и Моравија по 870 година, се одвивала под благослов и покровителство на Папата, а не на византискиот император.

По смртта на Методиј, 885 година, неговите ученици биле протерани од Велика Моравија[22], бидејќи таму бил извршен преврат и богослужбата па́к почнале да ја вршат германски свештеници. Прогонетите Методиеви ученици избегале, голем број од нив нашле засолниште во соседната Хрватска, преку чија територија поминале и оние што се вратиле во Византија. Дел пребегнале во Бугарија чијашто црква од 870 година, била под јурисдикција на Цариград[23]. Оние ученици на Методиј што останале во Хрватска овозможиле и таму да се прошири словенската писменост и богослужба, а можеби тие се најзаслужни за многубројните глаголски споменици што денес се наоѓаат на територијата на Хрватска.

Следната етапа на македонско-хрватските контакти е воено-политичка. Таа се одвивала во екот на Самуиловиот поход кон Далмација (986-988, или како што други го датираат 997-999 година)[24]. Во поглед на хронологијата кога бил изведен походот на Самуил кон Далмација, во историографијата владеат различни мислења. Еден дел од историчарите се на мислење дека походот бил изведен во периодот од 986 до 989 година[25], по победата на Самуил над Василиј II кај Трајановата порта, а друг дел се на мислење дека тоа се случило по 997 година[26], по поразот на Самуил кај Сперхеј, а во поново време српскиот историчар Тибор Живковиќ го

[19] Сведоштва, 61; Кръстанов Т., Легенда Булгарика , 79.

[20] Сведоштва, 62; Кръстанов Т., Легенда Булгарика , 79.

[21] Pogačnik J., Slovensko srednjeveško slovstvo in Ciril-Metodijska tradicija. Зборник, Кирил Солунски, 1, 188.

[22] Кръстанов Т., Легенда Булгарика , 30-32.

[23] Божилов И., - Гюзелев В., История, 186.

[24] За походот поопширно види: Антолјак С., Самуиловиот поход на Запад.- Средновековна Македонија, 1, Скопје 1985, 380-397; Басотова Љ., Летописот на Поп Дукљанин како извор за македонската средновековна историја .- Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том 5. Прилеп 1989, 189-195; Ферлуга Ј.,Драч и Драчка област пред крај X и почетком XI века. - Зборник радова Византолошког института, књ.VIII/2 (Mélanges G. Ostrogorsky II). Београд 1964, 118; Пириватрић С., Самуилова држава. Београд 1997, 107-109; Божилов И.,- Гюузелев V., История, 322; Atanasovski A., Makedonija i Crna Gora u srednjem vijeku. – MATICA, Broj 65 Godina XVII, proljeće 2016. Cetinje-Podgorica 2016, 289-303.

[25] Така мислат: Гиљфердинг, Дринов, Станоевиќ, Ќоровиќ. Антолјак, Басотова и др. Спореди: Антолјак С., Самуилова држава.-Средновековна Македонија. Т.1. Скопје 1985, стр. 380-392.

[26] Кон ова гледиште се држат: Златарски, Рунциман, Острогорски, Шишиќ, Бошкоски и др. Спореди: Бошкоски М., Великаните на македонскиот среден век. Кн.1.Скопје 2007, стр. 89-98.

датира во 1008 година[27]. Веднаш да напоменеме дека изворите на кои се базираме не го датираат походот, но индиректно Летописот на поп Дукљанин кажува дека Самуил се издигнал во времето на дукљанскиот владетел Тугемир и потоа зборува за воениот поход против земјата на Владимир, кого го заробил и го одвел во Преспа во затвор, каде што тој се запознал со ќерката на Самуил, Косара, со која потоа се оженил и бил вратен на татковиот престол.

Поп Дукљанин за Самуил и неговиот поход кон Дукља и Далмација зборува во 36-та глава, којашто се истакнува по својата особеност и композиција во однос на целокупниот останат текст на оваа хроника. Од историски аспект, повеќе научници се согласуваат дека токму оваа глава од целиот "Летопис" е "доста верен историски извор" и дека "она што поп Дукљанин го кажува не се покажува како легенда, туку како историја" и дека "самиот текст на Дукљанин (мисли на гл. 36) во суштина е повеќе историско кажување отколку легенда"[28].

Оваа глава е интересна за нас затоа што таа претставува еден вид житие на дукљанскиот кнез Владимир и содржи податоци, значајни и потврдени за периодот на постоењето и пропаста на Самуиловата држава, како и за неговите контакти со територијата на Дукља.

Во самиот почеток на главата се кажува дека уште додека Владимир бил момче, тој ја зел власта во свои раце и владеел во Дукља, по смртта на татка си Петрислав. Во тоа време ...."горе споменатиот Самуил, цар на Бугарините собра голема војска и пристигна во пределите на Далмација, во земјата на кралот Владимир...."[29]. Во преводот на Орбини овој дел гласи: "Во негово време, Самуил, гореспоменатиот цар на Еугарија влезе во Далмација со голема војска и почна да ја вознемирува земјата на кралот Владимир"[30].

Индиректни податоци за тоа кога се случил походот ни дава Јахја Антиохиски кога раскажува за судбината на Владимир, којшто се повлекол на планината Облик. Неговото повлекување на планината било само маневар за да добие на време и можеби да се сочека помош од Византија која како протектор на тие земји, веројатно, имала и некои обврски да ги брани од евентуални туѓински напади. Но тогаш, како што пишува Јахја Антиохиски, Византија имала поважни грижи , а тоа било смирувањето на бунтот на Варда Фока, кој 987 година, по победата над

[27] Живковић Т., Поход бугарског цара Самуила на Далмации. Историјски часопис. Књ. XLIX, 2002, 9-25.
[28] Новаковић Ст., Први основи словенске књижевности међу балканским Словенима, Легенда о Владимиру и Косари. Београд 1893, п. 203.
[29] Мошин В., Љетопис попа Дукљанина. Загреб 1950, 78. Бидејќи на едно место Дукљанин кажува дека Самуил се издигнал во времето на Тугемир, потоа не кажува ништо за тоа кога завладеал Петрислав со Дукља и колку време владеел и кога го наследил син му Владимир, сето тоа го отежнува точното утврдување на настаните.
[30] Басотова Љ., Летописот на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја. - Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Т. В., Прилеп 1988, 189.

Варда Склир, самиот се прогласил за цар[31]. Во ваква ситуација, Дукља и "останатите грчки области на Запад" не можеле да се надеваат на помош од Византија. Имајќи го во предвид тоа нешто Владимир ја увидел безнадежноста на својата ситуација , се откажал од отпор и се предал во рацете на моќниот освојувач, кој веднаш го испратил како заложник во својата престолнина-Преспа. Токму делот кај што зборува за бунтот на Варда Фока, ни укажува на фактот дека походот кон Дукља бил изведен 987-988 година, веднаш по Самуиловата победа кај Трајановата порта.

Овие податоци од поп Дукљанин наоѓаат индиректна потврда и кај Јахја, на она место каде што зборува за бунтот на Варда Фока додека Василиј II бил зафатен со војната против него "Бугарите го искористиле случајот и неколку пати војувале во грчката земја и ја опустошиле до градот Солун, а ги нападнале и оние грчки области што се на запад". Овде под "грчки области на запад" може да се подразберат Дукља, Далмација, Хрватска, Босна и Рашка, кои директно или индиректно дотогаш ја признавале власта на Византија[32].

Навестувања за овие Самуилови дејства имаме и кај Скилица-Кедрен, којшто вели: "Откако се ослободи од грижата за граѓанската војна, царот почна да размислува како да излезе на крај со Самуил и другите месни топарси, кои ја искористија неговата зафатеност со бунтовите и им направија големо зло на ромејските земји"[33]. Бунтот на Варда Фока бил ликвидиран 988 година и после таа година Василиј II можел да крои планови како да излезе на крај со Самуил.

Втората група научници како аргумент за своето гледиште дека походот бил изведен по 997 година, го наведуваат фактот што во 90-те години бил обновен трговскиот договор помеѓу германскиот цар Отон III и венецијанскиот дужд Петар II Орсеол (991-1020) и дека тогаш Венеција побарала трговски олеснувања и кон Византија. Во 992 година, византиските цареви Василиј II и неговиот брат - совладетел Константин VIII, на Венецијанците им издале хрисовула со која им дале трговски олеснувања (намалување на таксите од 30 на 15 солиди). Во услови на зафатеност на византискиот цар на Исток, Венеција "имала должност" да ги заштитува византиските интереси во градовите долж Јадранското Море - во темата Далмација. Дукља го признавала византискиот суверенитет, а по смртта на хрватскиот крал Држислав, Венеција сметала да го поддржи претендентот на хрватскиот престол Светислав Суроња, наспроти просамуиловиот претендент Крешимир и неговиот совладетел Гојислав.

[31] За овој бунт спореди: Острогорски Г., Историја Византије. Второ фототипно издање, Београд 1969.288-289.
[32] Антолјак С., Самуилова држава, 245.
[33] Ioannis Scylitzae synopsis historiarum. Editio princeps, rec. I. Thurn Apud Walter de Gruyter et socios Berolini et Novi Eboraci 1973, 339,20,64-67; Византијски извори за историју народа Југославије. Т. III, Београд 1966; Антолјак С., Самуилова држава, 257.

Меѓу другото, Венеција меѓу 998 и 1000 година, со флота интервенирала за да ја спречи хрватската помош за цар Самуил и да ги заштити своите интереси[34]. Според М. Бошкоски, главната цел на походот била да се спречи Византиска коалиција на бреговите на Јадранското Море, чија главна окосница била Венецијанската Република, провизантиската Зета, освојувањето на далматинските градови и помош на хрватскиот крал Крешимир и неговиот брат Гојислав во борбата за зацврстување на престолот[35].

Сето ова би било прифатливо само ако Самуил во 996/97 година не претрпел катастрофален пораз кај реката Сперхеј, во која битка бил и тешко ранет, па најверојатно му требало време за да ги залечи раните, а од друга страна Василиј II бил во својата највисока воена моќ, постојано присутен на балканското боиште и тешко дека Самуил би се решил на еден таков поход.

Од друга страна, овие аргументи можат и поинаку да се толкуваат. Имено, откако Самуил продрел кон Дукља и Далмација, а Византија се ослободила од бунтот на Варда Фока, да побарала сојуз со Венеција и токму затоа да издала хрисовул за олеснување на трговијата со цел да ја придобие на своја страна. Венеција во тој период фактички е зависна од Византија и била должна да ги заштитува градовите по Јадранското Море кои влегувале во темата Далмација. Можно е Самуиловиот поход кон Далмација да бил инициран од хрватскиот крал Држислав, со цел да ја зајакне својата позиција во борбата против Византија и Венеција и по неговата смрт неговите противници да направиле сојуз за да го истиснат Самуиловото влијание во Хрватска и да ги зајакнат позициите на неговите противници. Нормално, во тој период- крајот на X век, Самуил не бил во состојба да му помогне на својот пријател во Хрватска. Впрочем, во тоа може да е и суштината на кажувањето "дека Василиј откако се ослободил од бунтот на Варда Фока кроел планови како да се справи со Самуил" и во тие планови да било и подобрувањето на византиските позиции на Јадранското Море.

Другиот аргумент, на кој се повикуваат приврзаниците на второто гледиште е, т.н. српско пратеништво кај Византија од 993 година, за кое самиот Георги Острогорски не е сигурен од кои "српски" земји било испратено и со која цел[36], па ја допушта можноста да било испратено од Рашка! Мора да напоменеме дека вестите за ова пратеништво се сосема несигурни. Можело да биде испратено и од Владимир, кој бил зет на

[34] За овие настани спореди: Dölger F., Regesten der Kaiserurkunden des Oströmishes I München-Berlin, 1924, № 781, 100; Маргетиħ И., Вјеродостојност виjести Андрије Дандола о Далмацији у XI ст. ЗРВИ XIX, 1980, 121; Klaić N., Povjest Hrvata u ranom sredjem vijeku. Zagreb 1971, 322 bel. 149, 325-326; Пириватриħ С., Самуилова држава, 107-109 бел. 112-116; Бошкоски М., Великаните, 89-90.
[35] Бошкоски М., Великаните, 89-90, и таму цитираната литература во бел. 111 и 112.
[36] Острогорски Г., Српско посланство, Сабрани дела, IV, Београд 1970, 147-158.

Самуил и во чие име управувал со својата земја, но немаме податоци во какви односи бил Владимир со Византија? Дали тоа пратеништво не било испратено од него да бара посредство од Византија за враќање на моштите на св. Трифун, кои своевремено Самуил ги однел од Котор? Пратеништвото можеле да го испратат и граѓаните на Котор, за кои не знаеме дали биле потчинети на Самуил и тие да барале начин како да им се вратат однесените свети мошти на нивниот патрон. Исто така, тоа пратеништво можело да биде во врска и со преместувањето на црковниот центар на Дукља од континенталниот дел во градот Бар. Настанот се случил 993 година.

Од друга страна, ако се земе во предвид Самуиловиот поход во североисточна, северна и северозападна Бугарија што се одвивал во 990-991 година, може да се допушти можност, тоа српско пратеништво да било испратено од пределите што своевремено влегувале во темата Морава, а токму во 991 година се нашле на удар на Самуиловите војски. Доколку тоа се покаже за точно, тогаш може сосема јасно да се согледа и целта на пратеништвото - сојуз за взаемна борба против Самуил. Пратеништвото било примено во воениот логор на Василиј, што ќе рече дека Василиј бил во поход против Самуил и во една таква воено-полотичка состојба на постојана закана од воена интервенција, Самуил не можел да ја остави својата држава без одбрана и да замине во долг поход кон Далмација.

Друг аргумент кој оди во прилог на првото гледиште е дека по 997 година Самуил ја омажил ќерка си Мирослава за Ашот, заробен под Солун и ги испратил младенците да го чуваат градот Драч[37], што ќе рече дека Самуил веќе го имал освоено тој град, во спротивно нема никаква смисла испраќањето на свој човек да заштитува град којшто не го владеел?! Сето тоа ја разнишува теоријата за хронолошката определба на походот на Самуил кон Дукља и Далмација кон крајот на X век и оди во прилог на тезата дека, сепак, походот бил изведен во периодот по битката кај Трајановата порта 986- 988 година, бидејќи во 989 година Самуил го освоил Бер. Не можеме да го прифатиме второто гледиште од причина што после еден тежок пораз кај Сперхеј и ранување на Самуил, невозможно е тој да се осмелил да тргне во поход кон Далмација. Како ќе ја бранел својата територија додека бил отсутен од овие простори, а Василиј притискал од сите страни, неговото присуство на балканското боиште е постојано регистрирано и тој бил во постојани контакти со Самуил.

Но, ако се земе во предвид политичката состојба во Византија по 986 година и бунтот на Варда Склир и Варда Фока, Василиј целосно бил преокупиран со задушување на овој бунт. Во врска со овој бунт се зачестените контакти на Василиј со Киевска Русија и нивното

[37] Божилов И., - Гюзелев В., История на средновековна България, 322.

покрстување во 988/9 година[38]. Токму таквиот ангажман на Василиј на источното боиште одело во прилог на Самуил и тој можел безгрижно да војува на Запад. А, откако Василиј ги средил работите на Исток, се свртил на Запад и тогаш ги подобрил односите со Венеција, можеби склучил и сојуз со Србите за борба против Самуил, во врска со што може да се доведе и српското пратеништво кај Василиј во 992-993 година. Не мора да се прифати гледиштето на Острогорски дека српското пратеништво било испратено пред да паднат српските земји под власта на Самуил[39]! Тоа можело да биде испратено и после, со цел Византија да помогне Србите да се ослободат од Самуиловата власт, иако мора да напоменеме дека никаде не е наведена целта на тоа пратеништво и од кои “српски” земји било испратено.

Успехот на овој поход не може да се сфати само од силата на Самуил. Тука, секако дека влијаела помошта и политичката поддршка од хрватскиот владетел, којшто бил заинтересиран да се отстрани византиската моќ од Јадранското крајбрежје, ширена преку темата Далмација. Само така може да го разбереме фактот заради што при Самуиловиот поход до Задар и неговото враќање назад, не дошло до борби со хрватскиот владетел Стјепан Држислав. Како одговор на тоа што Држислав не му се спротивставил на Самуил, Василиј II му ја одзел управата над Далмација, која  во 992 година ѝ ја доверил на Венеција на чело со дуждот Петар II Орсеол (991-1009), којшто презел обврска да ги штити византиските интереси на Јадранот и во Италија[40].

Следните контакти на Хрвати со Македонија се датираат во 1072/73 година кога во Македонија било кренато востание против Византија на чело со Георги Војтех. Според вестите од византиските писатели, во востанието учествувале: Срби, Хрвати и Дукљани. По прашањето за кои Хрвати станува збор во историографијата се поделени мислењата, но преовладува тезата дека не биле Хрвати од денешните хрватски територии, туку Хрвати коишто живееле во приморските градови, претежно од Котор[41].

Во XIII и XIV век, врските помеѓу Македонија и Хрватска претежно се одвиваат на релација Дубровник-Македонија, било да се работи за трговски врски или за лични контакти на одделни феудалци од Македонија. Во интерес на просторот овде се задржуваме само на дел од нив.

По 1230 година скоро цела Македонија, без Солун, била

[38] Литературата за покрстувањето на Русија види ја кај: Божилов И., - Гюзелев В., История на средновековна България, 320 и бел. 17 на стр.336.
[39] Острогорски Г., Српско посланство цару Василију II, 153.
[40] Антолјак С., Средновековна Македонија, 386-397.
[41] Поопширно види: Антолјак С., Учеството и улогата на Србите, Хрватите и Унгарците во востанието на Георги Војтех (1072 г.). -Средновековна Македонија,1. 776-751.

вклучена во рамките на Второто бугарско царство. Токму тогаш се датира Дубровничката грамота на Иван Асен II за слободна трговија на Дубровчаните по сета територија што била вклучена во бугарската држава. Меѓу земјите (областите) се наброени: “Скопската земја, Прилепската, Деволската и Солунската”[42].

Од 1282 година започнува ширењето на српската држава кон Македонија[43]. Веќе во 1289 година пратениците Лукар Михаиловик и Пиро Гоиславик од Дубровник престојувале во Македонија, во селиштето Котража, убицирано во Источна Македонија на р. Брегалница, каде што српската кралица Јелена им потврдила поседување на лозја[44].

Во почетокот на XIV век дошло до зближување на српскиот владетел Милутин со титуларниот латински император Карло Валоа. Тој, во 1306 година склучил договор со Венеција, а кон сојузот бил привлечен и Милутин кој во 1308 година испратил во Франција двајца пратеници: Марко Лукари од Дубровник и Трифун Михаиловик од Котор[45]. Во еден манастир кај Мелена на 27 март 1308 година, српските пратеници го потпишале договорот со Карло Валоа за поделба на Македонија во случај Карло да стане цариградски император. За потврдување на договорот кај Милутин, Карло Валоа испратил делегација за да се увери на лице место во кралската заклетва и во приходите на градовите што ги држел Милутин[46].

Скоро сите српски владетели посебно внимание посветувале на односите со Дубровник, преку кој се одвивале трговските врски. Тие одредби се однесувале и на територијата на Македонија што била под српска власт.

Меѓу другите, и царот Стефан Душан на 20 септември 1349 година во македонскиот град Сер ги потврдил трговските привилегии на Дубровчаните[47]. Освен за самиот Дубровник, Душан издавал повелби и на поединци од Дубровник. Таков е примерот со Марој Гочетик за кого Душан издал повелба на 5 декември 1355 година, под градот Бер во Македонија[48].

По смртта на Душан во Македонија се формираат повеќе самостојни државички, меѓу кои најмоќна била онаа на кралот

[42] Иванов Й., Български старини из Македония. Фототипно издание. София 1970. 578. Спореди и Божилов И.,-Гюзелев В., История, 484-487.
[43] За српските завладувања кон Македонија види: Атанасовски А., Македонија во XIV век. Тетово 2009, 20-54.
[44] Fr. Miklosich, Monumenta Serbica. Viennae 1858, 56; Законски споменици српских држава средњег века. Прикупио и уредио Ст. Новаковић. Београд 1912,157
[45] Убичин А., Уговор о савезу и пријатељству међу Карлом Валоа и посланицима српског краља Уроша. - Гласник српског ученог друштва, књ. X. Београд 1870, 310; Мошин В., Договорот на крал Урош II Милутин со Карло Валоа, - Споменици, II, 422.
[46] Убичин А., Уговор о савезу, 326-327; Мошин В., Договорот..., 423; 442 и 443.
[47] Miklosich Fr., Monumenta Serbica, 146; Законски споменици, 162-170.
[48] Законски споменици, 174-175.

Димитриј Волкашин. За него и за неговиот син Марко се споменува во дубровничките документи јули-август 1361 година[49]. Во Дубровничката архива од 1361/62 година, Волкашин се споменува заедно со царицата Елена. Волкашин, следејќи ги традициите на претходните владетели настојувал да има добри односи со Дубровник. Од него е зачувана една повелба за потврдување на привилегиите на Дубровчаните, дадени од претходните владетели. Повелбата е од 5 април 1370, издадена во Поречје на Брод[50]. Во Дубровник, синот на Волкашин – Марко, во 1361 година имал свој депозит (argentums suum), што говори во прилог на тезата дека Дубровник гарантирал извесна безбедност за владетелите од Македонија. Во истата таа година, Марко престојувал во Дубровник како мисионер на Волкашин за мировни преговори[51]. Како наследници на депозитот на Волкашин во Дубровник 1394 година, се споменуваат Андреаш, Марко и Димитар. Последниот фигурира во еден дубровнички документ од 21 септември 1399 година како брат и наследник на Марко[52].

Источно од државата на кралот Марко се наоѓала државата на Дејановите синови деспот Јован Драгаш и брат му господин Константин. Според расположивите податоци и тие одржувале живи врски со Дубровник. Деспот Јован Драгаш првпат се споменува како самостоен владетел во два дубровнички документи од летото 1373 година. Тие документи ја регистрирале жалбата на дубровничкиот трговец Јуниј Буниќ од 15 јуни 1373 година, дека неговиот сограѓанин Јуниј Соркочевиќ заедно со луѓето на деспот Драгаш му украле пет товари стока во вредност од 270 литри сребро. Кражбата била извршена близу тврдината Коњух (северните делови на Овче Поле, на левиот брег на Крива Река) во земјата на деспот Драгаш[53]. Овој податок, меѓу другото, зборува и за трговските врски на Дубровник со Македонија. Во прилог на тоа е и фактот што на 7 април 1377 година. Дубровничката општина му наредила на трговецот Јуние Буниќ да ја проучи можноста за купување на жито од браќата Дејанови и да се увери дали тие се подготвени да го продаваат по бреговите на морето[54]. На тоа Јуние Буниќ одговорил дека поседите на Дејанови се простираат сосема близу до Солун, каде што може да биде доставено зрно за потребите на Дубровничката Република[55].

[49] Monumenta Ragusina. T. III, 100. Сп. Атанасовски А., Македонија во XIV век, 159.
[50] Miklosik Fr., Monumenta Serbica, 179; Законски споменици, 191.
[51] Monumenta Ragusina. T. III, 100; Tadić J., Promet putnika u starom Dubrovniku, 49; Атанасовски А., Македонија во XIV век, 194 и таму наведената литературе.
[52] Ћирковић С., Поклад краља Вукашина. - Зборник ФФ у Београу, XVI, 1, 1979, 154; Матанов Х., Югозападните български земи през XIV век. София 1986, 114; Атанасовски А., Македонија, 205.
[53] Krekić B., Dubrovnik (Raguse) et le Levant au Moyen âge. Paris 1960, № 306-307. Сп. Матанов Х., Кн яжеството на Драгаши. Към историята на Североисточна Македония в предосманската епоха. София 1996, 93.
[54] Тадиќ Ј., Писма и упутства Дубровачке Републике, I. Београд 1935, 348; Krekić B., Dubrovnik (Raguse) et le Levant, №321, 216; Матанов Х., Княажеството на Драгаши, 106.
[55] Тадић Ј., Писма и упутства Дубровачке Републике, I, 348; Атанасовски А., Македонија, 218.

**professor Alexander Atanasovski, PhD**
**Philosophical Faculty – Istitute of History, University of Sts "Cyril and Methodius", Skopje**

## LINKS BETWEEN MACEDONIA AND CROATIA IN THE MIDDLE AGES

### Summary

To speak of the relations between Macedonia and Croatia in the Middle Ages, is to talk about a topic that is unique and complicated in many ways. In encompasses several issues, such as cultural, military, political and trade relations, as well as often scarcely documented relationships between individuals.

The mutual ties from the early Middle Ages, even those of later times, present a rather serious problem, which comes from the fact that mediaeval Macedonia was under foreign domination, so the connections took place within the bounds of the relations of Byzantium, Bulgaria and Serbia with Croatia. On the other hand, the territory of today's Croatia in the Middle Ages was not always within the borders of a single state. Parts of it belonged to Pannonia, the Adriatic coast was under Byzantine rule, and then, after 1102, it came under Hungarian rule. Dubrovnik existed as an independent state, being the state with which Macedonia had the most fertile trade relations.

Considering the above, it becomes obvious why it is difficult to talk about unified communications between Macedonia and Croatia. We are able, however, to present the links of various Croatian territories and lands with Macedonia. We encompass the cultural and educational ties, reflected through the missionary work of St. Cyril and Methodius in Moravia and Pannonia; the military and political contacts at the time of Samuel's state; and, eventually, the commercial connections of Dubrovnik with Macedonia in XIII and XIV century.